…штво за транспорт,трговија и услу…
ИРЕНА ВЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 05- 89
30. 08 2024 год.

**Општинско средно училиште**
**„ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ“**
**Велес**

**Република Северна Македонија**
**Општинско средно училиште**
**ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ**
**Бр. 05 - 345/10**
**30.08.2024**
**Велес**

# ДОГОВОР

За јавна набавка на услуги
Склучен на ден 30.08.2024 година, во Велес
помеѓу следните:

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

**1. Општинско средно училиште „Јовче Тесличков“**,со седиште наул. „Кукушка“ бр. 37, Велес,застапувано од Директор м-р Васко Трајковски, со ЕМБС 4025644 и ЕДБ 4004965107070 (во понатамошниот текст „Договорен орган“, односно „Набавувач“) и
**2.Друштво за транспорт, трговија и услуги ИРЕНА ВЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз Велес**, со седиште на ул. „Димко Најдов“ бр. 60, Велес, застапувано од Ирена Игнова, со ЕМБС 6120059и ЕДБ 4004006119190(во понатамошниот текст како Носител на набавката).

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР

**Член 1**

Предмет на овој договор е јавна набавка на услуги –„**Превоз на ученици за потребите на ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес“ за:**

**ДЕЛ 5 – Лице со посебни потреби со придружник**

Постапката е спроведена со спроведување на **Отворена постапка, објавена со Оглас бр. 11716/2024**, врз основа на одлука бр 05-345/1 од 12.07.2024 година.

Составен дел наовој Договор ќе биде списокот на ученици по опишаните релации на кои патуваат, кој ќе биде доставен на вршителот на услугата.

Доколку во текот на периодот за кој што се склучува овој договор дојде до намалување/ зголемување на бројот на учениците што треба да се превезуват, за истото превозникот ќе биде навремено известен.

Услугата ќе се извршува според техничката спецификација за сите работни денови во кои се изведува настава. Доколку по наредба на Министерството за образование, од различни причини, некој неработен ден се прогласи за работен, односно во него да се изведува настава, превозникот е должен да го изврши превозот на учениците.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вредноста на услугите од член 1 од овој Договор изнесува **113.400,00 (сто тринаесет илјади и четиристотини) денари со вклучен ДДВ од 5 %.**

Цените утврдени во спецификацијата по овој договор се фиксни.

## V. СКЛУЧУВАЊЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Договорот се смета за склучен од моментот на неговото потпишување од страна на двете договорни страни.

Времетраењето на овој Договор започнува со денот на неговото потпишување и престанува кога ќе бидат исполнети обврските кој што со овој договор ги имаат превземено договорените страни, односно 1 (една) година од неговото потпишување.

## VI. РОК И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

**Член 5**

Услугата ќе се извршува според техничката спецификација за сите работни денови во кои се изведува настава. Доколку по наредба на Министерството за образование и наука од различни причини, некој неработен ден се прогласи за работен, односно во него да се изведува настава, превозникот е должен да го изврши превозот на учениците.

Услугата се извршува на следниот начин:

- учениците се земаат од местата кои се опфатени во релациите утврдени во техничката спецификација, се превезуваат до училиштето и се враќаат назад.

Подетално релациите се дефинирани во техничката спецификација која се наоѓа во Прилог 1 кој е составен дел на овој договор.

## VII. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Договорните страни се согласни дека во случај кога Носителот на набавката нема да ги изврши услугите во рокот определен во член 5 од овој договор па заради тоа падне во задоцнување, истиот е должен да му плати на Набавувачот договорна казна во висина од 0,5% од вкупната цена определена во член 3 од овој Договор за секој ден на доцнењето.

Договорната казна не може да надмине 5% од вкупната цена определена со член 3 од овој договор.

## VIII. НАЧИН УСЛОВИ И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 7**

Се предвидува следниов начин на плаќање:

- плаќањето ќе се врши по доставена фактура во рок **до 60 (шеесет) дена** од денот на доставување.

Фактурата ќе биде изработена согласно реално искористените услуги (превезени ученици до и од училиште).

Во прилог на фактурата превозникот е должен да достави преглед на извршени услуги по денови, по релации и точен број на превезени ученици.

## IX. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 8**

Носителот на набавката се обврзува да го извршува превозот опишан во член 1 (и во спецификацијата) на овој Договор, во рок и динамика утврдени во член 5 од овој Договор.

Носителот на набавката е должен да обезбеди превоз со седишта за секојученик по даден список од страна на Набавувачот.

**Член 9**

Носителот на набавката се обврзува:

- дека превозот на ученици ќе го врши со почитување на сите стандарди кои важат за тој вид на превоз, како што е нагласено во тендерската документација, како и според дадената Понуда во согласност со техничката спецификација.
- да достави распоред со времето на поаѓање и пристигнување од и во населените места содржани во секоја релација, притоа имајќи предвид почетокот и завршување на наставата на учениците. Имајќи го во предвид претходното, распоредот на тргнување и пристигнување од и во населените места треба да овозможи навремено пристигнување на учениците во училиштето согласно распоредот на часови кој ќе му биде доставен од набавувачот.
- возилата со кои ќе се врши превоз да се секогаш чисти и обезбедени со топлотно греење за зимскиот период и климатизирани во летниот период.
- возилата секогаш да се технички исправни (навремен технички преглед, отворање и затварање на прозорци, итн. односно да имаат потврла за техничко експлотациони услови), а во случај на дефект веднаш да најде соодветна замена на возилото.

## X. ОБВРСКИ НА НАБАВУВАЧОТ

**Член 10**

Набавувачот се обврзува:

- дека плаќањето ќе го врши по претходно доставена финансиска документација (фактура) за целиот утврден износ во доставената финансиска документација за извршените услуги во рокот утврден во Член 7 од овој договор.
- да достави список на ученици со име и презиме, време на пристигнување во училиштето и распоред на часови (прва смена), населено местокаде што живеат учениците, а кои ќе го користат превозот.
- да достави време за извршување на превозот на учениците: време на пристигнување во училиште и време на заминување од училиште.
- навремено да го информира превозникот за било каква промена на бројот на ученици.
- да врши непосредни увиди и на лице место за да ја утврди фактичката состојба на превоз на учениците.
- да им укаже на учените да го почитуваат редот, мирот и дисциплината и да не го вандализираат превозното возило со кое се врши превозот.

## XI. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 11**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## XII. ОДГОВОРНОСТ ЗА ЗА МАТЕРИЈАЛНИ НЕДОСТАТОЦИ

**Член 12**

Материјален недостаток постои ако извршените Услуги ги немаат потребните својства за нивна редовна употреба или ги немаат својствата и одликите од член 9.

**Член13**

Носителот на набавката го гарантира квалитетот на извршените услуги за извршен транспорт на ученици до и од училиште дека се во согласност со договорениот квалитет, определен со договорот.

**Член 14**

Ако Договорниот орган не го добие бараното исполнување на договорот во разумен рок, тој го задржува правото да го раскине договорот.

**Член 15**

Договорниот орган може да го раскине договорот и без оставање на дополнителен рок ако Носителот на набавката, по известувањето за недостатоците, му соопштил дека нема да го исполни договорот, или ако од околностите на конкретниот случај очигледно произлегува дека Носителот на набавката не ќе може да го исполни договорот ни во дополнителниот рок.

## XIII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 16**

Сите спорови кои ќе произлезат од овој договор или во врска со него, ќе се решаваат пред надлежниот суд.

## XIV. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член17**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 18**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок (писмено) за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

**Член 19**

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката, дополнителен рок за исполнување ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 20**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

**Член 21**

Кога во Договорот со последователни обврски (сукцесивна испорака), Носителот на набавката не ќе ја исполни својата обврска од Договорот, Договорниот орган може во разумен рок, да го раскине Договорот во поглед на сите идни обврски, ако од дадените околности е очигледно дека и тие нема да бидат исполнети.

Договорниот орган може да го раскине договорот не само во поглед на идните обврски, туку и во поглед на веќе исполнетите обврски, ако нивното исполнување без изостанатите исполнувања не е од интерес за него.

**Член22**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 23**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член24**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

Ако една страна го извршила договорот целосно или делумно има право да и се врати она што го дала.

Ако двете страни имаат право да бараат враќање на даденото, заемните враќања се вршат според правилата за извршувањето на двостраните договори.

Секоја страна и должи на другата надомест за користа што во меѓувреме ја имала од она што е должна да го врати, односно да го надомести.

Страната што враќа пари е должна да плати затезна камата од денот кога ја примила исплатата.

**XV. ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 25**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот Договор (анекс).

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 26**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 27**

За се што не е регулирано со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

**Член 28**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено,во духот на взаемна соработка и добрите деловни односи, ќе ги решава надлежниот суд во Велес.

**Член 29**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| **НОСИТЕЛ НА НАБАВКА** | **НАБАВУВАЧ** |
| **ДТТУ „ИРЕНА ВЕЛ" ДООЕЛ увоз-извоз** | **ОСУ„Јовче Тесличков"** |
| Управител | Директор |
| Ирена Игнова | м-р Васко Трајковски |

**Прилог 1**

| Бр на дел | Категорија:<br>Посебен превоз на ученици<br>Релација | КМ во еден правец | Почетен број ученици | Единечна цена без ддв |
|---|---|---|---|---|
| **ДЕЛ 5** | **Лице со посебни потреби со придружник** | 3 | 1 | 600,00 |

**НОСИТЕЛ НА НАБАВКА**
**ДТТУ ИРЕНА ВЕЛ увоз-извоз ДООЕЛ**
Управител
Ирена Игнова

Друштво за транспорт трговија и услуги ИРЕНА ВЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз ВЕЛЕС